Бр./Nr 12-1268/2
26-07-2024 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-1268/1 од 11.03.2024 година, со изразено незадоволство од резултат на судска постапка и незадоволство од резултат од постапување на Нотарската комора на Република Северна Македонија во предмети со кои се опфатени дејствија извршени од страна на ///, нотар за подрачјето на Основниот суд во ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека други органи се надлежни да постапуваат.

Предметот да се достави на понатамошно надлежно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1268/1 од 11.03.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 11.03.2024 година, поднесена е пријава во која е изразено незадоволство од резултат на судска постапка и незадоволство од резултат од постапување на Нотарската комора на Република Северна Македонија во предмети со кои се опфатени дејствија извршени од страна на ///, нотар за подрачјето на Основниот суд во ///, и оформен е предмет број 12-1268/1 од 11.03.2024 година.

Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни службени лица, без да упати на конкретни неправилности во постапки пред надлежните органи и без да упати на конкретни коруптивни дејствија, изразува незадоволство од резултат на судска постапка во која обвинет бил ///, нотар за подрачјето на Основниот суд во ///, која се водела пред Основниот суд ///, во која Судот расправал по поднесено обвинение против нотарот, за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" по чл.353 ст.4 вв ст.1 од КЗ, и во која обвинетиот /// признал вина. Во пријавата врз чија основа е оформен предметот 12-1268/1 од 11.03.2024 година не се содржани информации за донесената судска пресуда и за изречената санкција, за која подносителот смета дека не била соодветна.
Воедно, подносителот, без да посочи конкретни службени лица, без да упати на конкретни неправилности во постапки пред надлежните органи и без да упати на конкретни коруптивни дејствија, изразува незадоволство од резултатот од постапувањето на Нотарската комора на Република Северна Македонија, која видно од документацијата доставена во прилог на пријавата, постапувала по наводи изнесени во Претставка од 2020 година против нотарот /// која била поднесена од страна на подносителот на пријавата до ДКСК, по што Нотарската комора го известила дека по разгледување на наводите, поведена била дисциплинска постапка против нотарот ///, во согласност со член 134 став (1) од Законот за нотаријатот, и била изречена правосилна дисциплинска мерка – ///.

Имајќи ги предвид одредбите на членот 128 од Законот за нотаријатот, согласно кои надзор над работењето на Комората и над работењето на нотарите врши Министерството за правда, како и одредбите на членот 36 од Законот за судовите, согласно кои Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, а воедно имајќи предвид дека во пријавата не се посочени конкретни службени лица и коруптивни дејствија во постапки пред надлежните органи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на други надлежни органи, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Следствено, ДКСК оцени дека постојат услови предметот да го достави на надлежно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Т.Д., претседател на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата